СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА<br>ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА | О Х Р И Д<br>18.12.2006<br>БРОЈ 13 ГОДИНА 41 | |
|---|---|---|

# С О Д Р Ж И Н А


| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Заклучок | **2** |
| **2.** | Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на општина Охрид за 2006 година | **3** |
| **3.** | Одлука за разрешување на членовите од Надзорниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид | **6** |
| **4.** | Одлука за разрешување на членовите од Управниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид | **7** |
| **5.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиските резултати на МЈП „Проаква“ Струга за периодот од 01.01.2006 год. - 31.10.2006 год. | **8** |
| **6.** | Одлука за разрешување на членовите од Надзорниот одбор на МЈП „Проаква“ Струга | **9** |
| **7.** | Одлука за утврдување локација за поставување спомен обележје на основачот на Црвениот крст | **10** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.12.2006 година.

**Број 08-2701/3**
**14.12.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.12.2006 година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

Се обврзуваат стручните служби на Локалната самоуправа, на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид и МЈП „Проаква“ Струга кога ќе преземаат финансиски трансакции со поголеми средства да ја известуваат и да ја запознаваат со тоа Комисијата за финансии и буџет на Советот на општина Охрид.

**Број 07- 2701/3**
**14.12.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2006 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на општина Охрид за 2006 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.12.2006 година.

**Број 08-2701/4**
**14.12.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 42 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.3/96) и член 2 и 3 од Законот за буџетите („Сл.весник на РМ“ бр.79/93, 3/94, 71/96, 46/00, 11/01, 35/01, 93/01 и 46/02), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.12.2006 година, донесе

# О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2006 ГОДИНА

### Член 1

*I ПРИХОДЕН ДЕЛ*

Во Буџетот на општината Охрид за 2006 година се врши зголемување на вкупниот приходен дел и истиот наместо 352.000.000,00 денари ќе изнесува 419.500.000,00 денари.

Разликата (зголемувањето на буџетот) изнесува 67.500.000,00 денари и истата се должи на промената на следните позиции:

1. **Зголемување** се врши во следните ставки (буџетски средства):

- **711111 - Данок на плати на вработени кај корисници на средства од Буџетот на РМ и ЕЛС**, износот 2.000.000 денари се заменува со износ 2.200.000 денари.
- **713211 - Данок на наследство и подарок**, износот 2.300.000 денари се заменува со износ од 3.350.000 денари.
- **713311 - Данок на промет на недвижности и права**, износот 45.000.000 денари се заменува со износ од 53.000.000 денари.
- **717115 - Комунална такса за користење на улици со патнички, товарни возила,** износот 1.200.000 денари се заменува со износ од 1.760.000 денари.
- **717116 - Комунална такса за користење и одржување на јавно осветление,** износот 12.500.000 денари се заменува со износ од 14.100.000 денари.
- **717129 - Други комунални такси**, износот 2.000.000 денари се заменува со износ од 2.350.000 денари.
- **717137 - Надомест за уредување на градежно земјиште**, износот 135.024.526 денари се заменува со износ од 200.000.026 денари.
- **717138 - Надомест за добивање на лиценци за угостителска дејност**, износот 2.500.000 денари се заменува со износ од 3.300.000 денари.
- **722315 - Административни такси што се плаќаат кај органите на општината,** износот 2.600.000 денари се заменува со износ од 2.900.000 денари.
- **722316 - Други локални такси**, износот 2.600.000 денари се заменува со износ од 3.700.000 денари.
- **725943** - **Наплатени премии од каско и одговорност**, износот 1.000.000 денари се додава.
- **737117 - Приходи од продажба на општински имот**, износот 100.000 денари се заменува со износ од 200.000 денари.
- **741113 - Трансфери од буџетот на фондовите**, износот 15.302.000 денари се заменува со износ од 23.000.000 денари.

2. **Зголемување** се врши во следните ставки (средства од самофинанс. активности):

- **723111 - Целодневна и предшколска грижа**, износот 5.870.720 денари се заменува со износ од 6.000.000 денари.
- **725939 - Други неданочни приходи,** износот 7.000 денари се заменува со износ од 50.000 денари.

3. **Намалување** се врши во следните ставки (буџетски средства):

- **713111 - Данок на имот**, износот 15.000.000 денари се заменува со износ од 12.000.000 денари.
- **717112 - Комунална такса за истакнување на фирми реклами и слично**, износот 5.650.000 денари се заменува со износ од 5.000.000 денари.
- **717130 - Комунална такса за користење на површини во кампови,** износот 50.000 денари се заменува со износ од 5.000 денари.
- **717133 - Комунална такса за користење музика во јавните локали**, износот 50.000 денари се заменува со износ од 5.000 денари.
- **717134 - Комунална такса за поставување витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории,** износот 50.000 денари се заменува со износ од 5.000 денари.
- **724112 - Надомест за изработка на просторни и урбанистички планови**, износот 200.000 денари се заменува со износ од 20.000 денари.

4. **Намалување** се врши во следните ставки (средства од самофинанс. активност)

- **723013 - Такси за испити**, износот 4.420.000 денари се заменува со износ од 250.000 денари.
- **723019 - Други образовни такси**, износот 2.587.000 денари се заменува со износ од 1.500.000 денари.
- **723116 - Надоместоци за оброци во ученички и студентски домови, училишта и др.,** износот 7.790.000 денари се заменува со износ од 706.220 денари.
- **723911 - Закупнина од објекти,** износот 1.750.000 денари се заменува со износ од 1.000.000 денари.

5. **Намалување** се врши во следните ставки (приходи од донации):

- **741113 - Трансфери од буџетот на фондови**, се гасне.

***II ТРОШКОВЕН ДЕЛ***

Новопроектираниот износ - разлика на буџетот во висина од 67.500.000,00 денари се распределува во следните програми:

***III ИЗНОСИ ПО ПРОГРАМИ***

| Р.бр | Програма | Буџет | Ребаланс | Зголемув. | Намалув. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Совет на општина Ао | 10.413.960 | 13.999.960 | 3.586.000 | / |
| 2. | Градоначалник До | 3.204.900 | 3.454.900 | 250.000 | / |
| 3. | Администрација Ео | 45.718.200 | 50.479.200 | 4.761.000 | / |
| 4. | Урбан.планирање Ф1 | 2.000.000 | 2.010.000 | 10.000 | / |
| 5. | Уред.на град.земј.ФА | 14.635.940 | 11.200.000 | / | 3.435.940 |
| 6. | Поддр.лок.ек.развој Г1 | 3.000.000 | 1.267.000 | / | 1.733.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Поттик.на развој на туризмот Г2 | 7.196.000 | 8.401.000 | 1.205.000 | / |
| 8. | Јавно осветление Ј3 | 13.073.000 | 15.115.000 | 2.042.000 | / |
| 9. | Јавна чистота Ј4 | 3.100.000 | 4.750.000 | 1.650.000 | / |
| 10. | Одржување на локал. патишта Ј6 | 10.710.000 | 11.540.000 | 830.000 | / |
| 11. | Одржување и корист. на паркови и зеленило Ј7 | 1.000.000 | / | / | 1.000.000 |
| 12. | Други комунални услуги Ј8 | 1.100.000 | 980.000 | / | 120.000 |
| 13. | Изградба на јавно осветление ЈА | 9.500.000 | 6.500.000 | / | 3.000.000 |
| 14. | Изградба и реконструкција на локални патишта ЈД | 87.300.000<br>200.000<br>(донац) | 164.283.040<br>/<br>(донац) | 76.983.040 | <br>2.000.000 |
| 15. | Изградба на сообр. сигнализ. ЈФ | 5.100.000 | 3.300.000 | / | 1.800.000 |
| 16. | Изградба на системи за водоснабдување ЈГ | 13.100.000 | 13.550.000 | 450.000 | / |
| 17. | Изградба на системи за одвед. и пречистув. на отпадни води ЈИ | 27.120.000 | 40.592.000 | 13.472.000 | / |
| 18. | Урбана опрема (кап.расходи) ЈН | 120.000 | 600.000 | 480.000 | / |
| 19. | Одржување на урбана опрема ЈО | 200.000 | / | / | 200.000 |
| 20. | Спорт и рекреација ЛО | 3.000.000 | 2.600.000 | / | 400.000 |
| 21. | Детски градинки М1 | 1.500.000 бу<br>5.870.720 с.ф<br>3.493.983 н.д | 1.000.000 бу<br>4.820.720 с.ф<br>3.493.983 н.д | / | 500.000<br>1.050.000<br>/ |
| 22. | Основно образование Н1 | 10.980.000 бу<br>9.946.500 с.ф<br>11.019.950 н.д | 1.250.000 бу<br>3.800.000 с.ф<br>11.019.950 н.д | / | 9.730.000<br>6.146.500<br>/ |
| 23. | Средно образование Н2 | 10.700.000 бу<br>19.086.000 с.ф<br>5.354.411 н.д | 9.100.000 бу<br>13.364.000 с.ф<br>5.354.411 н.д | / | 1.600.000<br>5.722.000<br>/ |
| 24. | Превоз на ученици Н3 | 3.438.060 н.д | 3.438.060 н.д | / | / |
| 25. | Противпожарна заштита Њо | 740.600 бу<br>7.277.776 н.д | 609.000 бу<br>7.277.776 н.д | / | 131.600<br>/ |
| | ***ВКУПНО*** | **352.000.000** | **419.500.000** | **106.069.040** | **38.569.040** |

**Член 2**

Поблиска намена на промените во програмите по ставки и потставки дадена е во посебниот дел, кој е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Советот на општина Охрид ја задолжува стручната служба да ги изврши сите неопходни усогласувања на приходните и расходните ставки во буџетот на Општина Охрид заклучно со 31.12.2006 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2701/4**
**14.12.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ ОД НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за разрешување на членовите од Надзорниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.12.2006 година.

**Број 08-2701/5**
**14.12.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл.Весник на РМ“ бр.38/96) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 став 5 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.12.2006 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ ОД НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се разрешуваат членовите од Надзорниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид.

1. Радован Велјаноски
2. Кире Талески
3. Кита Лазареска
4. Ајла Реџеп

**Член 2**

На членот од Надзорниот одбор Ламбе Шалкоски му престанува мандатот поради поднесена писмена оставка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2701/5**
**14.12.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за разрешување на членовите од Управниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.12.2006 година.

**Број 08-2532/6**
**14.12.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл.Весник на РМ“ бр.38/96) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 став 5 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.12.2006 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се разрешуваат членовите од Управниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид.

1. Ахмед Патељ
2. Зоран Лупески
3. Јоцо Ѓоршески
4. Раим Бајрами
5. Рената Арнаудова
6. Васви Доко
7. Вера Раоник
8. Сашо Алче
9. Митко Здравески

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2701/6**
**14.12.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2006 год. - 31.10.2006 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Извештајот за финансиските резултати на МЈП „Проаква“ Струга за периодот од 01.01.2006 год. - 31.10.2006 год., што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.12.2006 година.

**Број 08-2532/7**
**14.12.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.12.2006 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2006 год. - 31.10.2006 год.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиските резултати на МЈП „Проаква“ Струга за периодот од 01.01.2006 год. - 31.10.2006 год.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за финансиските резултати на МЈП „Проаква“ Струга за периодот од 01.01.2006 год. - 31.10.2006 год. бр.03-2808/2 од 08.12.2006 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2701/7**
**14.12.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ ОД НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за разрешување на членовите од Надзорниот одбор на МЈП „Проаква“ Струга, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.12.2006 година.

**Број 08-2532/8**
**14.12.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл.Весник на РМ“ бр.38/96) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 став 5 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.12.2006 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ ОД НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се разрешуваат членовите од Надзорниот одбор на МЈП „Проаква“ Струга.

1. Гордана Јованоска
2. Игор Дуданов
3. Ристо Србиноски
4. Кујтим Ајредини
5. Ризвани Заит

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2701/8**
**14.12.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА ОСНОВАЧОТ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување локација за поставување спомен обележје на основачот на Црвениот крст, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.12.2006 година.

**Број 08-2532/9**
**14.12.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 5 и 18 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја („Сл.Весник на РМ“ бр.66/04), член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 83 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.12.2006 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА ОСНОВАЧОТ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува локација за поставување спомен обележје на основачот на Црвениот крст Анри Динан.

**Член 2**

Спомен обележјето на основачот на Црвениот крст Анри Динан ќе биде поставено на дел од Кп.бр.16526/1 КО Охрид.

**Член 3**

Површината на основата на спомен обележјето ќе биде 4м2.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука е графичкиот приказ бр.09-5125/2 од 08.12.2006 година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2701/9**
**14.12.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**